Зоран ТОДОРОВСКИ

# ПОЛИТИЧКАТА ОПОЗИЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА*

Политичката опозиција во Македонија по Втората светска војна се појави веднаш по конституирањето на Демократска Република Македонија како федерална единица во југословенската федерација во форма на тајни политички групи и организации. Нивното брзо нелегално организирање и дејствување, пред сè, беше израз на длабоката разочараност и на силното незадоволство кај македонскиот народ од докрај нерешеното македонско национално прашање, од неможноста за територијално обединување на македонскиот народ, како и поради неприфаќањето на статусот на македонската држава во рамките на Југославија и силно изразената желба за отцепување од неа.

Првите тајни политички организации и групи во Македонија се стремеа да ги воскреснат кадрите, припадниците и симпатизерите на историската Внатрешна македонска револуционерна организација, позната како ВМРО. Неоткажувајќи се од нејзината програмска платформа за самостојна и обединета Македонија, новоформираните македонски тајни организации и групи се јавија и како реакција на обновената српска доминација во воено-полициската и административната „народна-демократска власт во Македонија“, затскриена под превезот на комунистичката идеологија на актуелната формула за „братство-единство“ на југословенските народи.

Првите организирани тајни организации и групи, како еден вид нелегална политичка опозиција против новоформираната комунистичка власт во Македонија во рамките на федеративна Југославија, се појавија уште во 1945 година со паролата за самостојна и обединета Македонија. Тие најчесто го носеа името на старата револуционерна организација ВМРО: Демократски фронт на Македонија – Илинден 1903, ВМРО-СДРМА (Самостојна Демократска Република Македонија), ВМРО – ПРАВДА, СИМО (Самостојна илегална македонска организација), ВМРО – БУРА и др.

Првата тајна политичка организација Демократски фронт на Македонија – Илинден 1903 била основана во 1945 година. За главна цел на своето дејствување таа го поставила остварувањето на „*илинденскиот идеал за самостојна независна македонска држава*“, преку „*отцепување на македонската држава од Југославија и со комплексно трајно разрешување на отвореното македонско национално прашање*“. За реализација на ваквите свои заложби, организацијата подготвила посебен меморандум, напишан на

* Прилогот е презентиран на Меѓународната конференција: „Студената војна на Балканот“, што се одржа во Пловдив, Република Бугарија, на 19-20 мај 2000 година.

француски јазик, за владите на големите сили и испратен до ООН. Во Меморандумот се барало да се актуелизира до крај нерешеното македонско национално прашање на македонскиот народ, кој активно учествувал во антифашистичката војна, „*да му се признае правото на слобода, обединување и независен живот во независна македонска држава*“,[1] како и да се спроведе референдум од страна на една меѓународна анкетна комисија за да се увери „*оти суверената волја на македонскиот народ е Македонија да биде слободна и независна, еден вид Швајцарија на Балканот и да стане обединителна алка на сите балкански народи.*“[2]

Во почетокот на 1946 година била основана нова тајна младинска револуцинерна организација ВМРО-СДРМ во Прилеп. Самото име на оваа младинска организација – Самостојна Демократска Република Македонија, го определувало и нејзиното политичко дејствување: „*Остварување на програмската определба на ВМРО и Илинденското востание за создавање на самостојна македонска држава во нејзините природни и етнички граници.*“ Идната македонска држава била замислена како демократска, граѓанска држава по примерот на европските држави со републиканско уредување. Поставена на ваква програмска платформа во тогашните политички услови, борбата за обединување на Македонија организацијата ја гледала во ослободувањето на „*двата неослободени делови на Македонија*“, пиринскиот и егејскиот дел на Македонија, и била за отцепување на Народна Република Македонија од Југославија со помош и со поддршка на западните сили, во прв ред на Соединетите Американски Држави. Организацијата, до откривањето во јуни 1947 година, поставила широка организациона мрежа во Прилеп и Прилепско, врз системот на тројки и потполна конспиративна дејност.[3]

По откривањето и извршеното апсење на поголем број членови на оваа организација кон крајот на 1947 година, пролетта 1949 година таа се преименувала во ВМРО – ПРАВДА.[4] Целта на организацијата и натаму останала иста: „*Слободна, независна и обединета Македонија под покровителство на Америка*“, со уверување дека организацијата треба „*да ги исправи сите неправди што им се нанесени од тогашната власт на Македонија и на македонскиот народ, дека Македонија е посрбена, дека треба да се бори за нејзино обединување*“. Во своето дејствување организацијата предвидувала формирање на „*групи кои постепено ќе се вооружуваат и да излегуваат во планина за водење на комитска борба, не партизанска*“.[5]

---

[1] Д-р Михајло Миноски, Тајната политичка организација ВМРО во Народна (Социјалистичка) Република Македонија, Златна книга - 100 години ВМРО, Скопје, 1993, 243-244.

[2] Коста Цьрнушанов, македонизмьт и сьпротивата на Македония срещу него. София. 1992, 284-285; Илија Ѓозев, Бунт против србизацијата – Меморандум на демократскиот фронт на Македонија од 1945 г. испратен до ООН, „Македонско дело“, Скопје, 31. III 2000, 24-25.

[3] Д-р Михајло Миноски, Тајната ..., цитираниот труд, 244.

[4] Истото, 245.

[5] Илија Максимовски, Политичкиот затвореник за Македонија, Скопје, 1991, 11-14.

Програмската платформа на организацијата се состоела во организирање на поголем број членови, по ситемот на „*тројки*“ (само еден од групата ја знаел врската со другата група).[6] Во текот на 1949 и 1950 година организацијата ја проширила дејноста во повеќе градови во НР Македонија, со воспоставување мрежа на комитети низ цела Македонија: Битола, Охрид, Ресен, Скопје, Свети Николе, Штип, Кочани, Берово, Струмица, Радовиш и Гевгелија.[7] Колку била голема и раширена оваа организација, зборува податокот дека на едно советување организирано во с. Стари Град, Велешко, присуствувале делегати од повеќе градови на Македонија, како и тројца претставници од Солун, еден од Воден и повеќе претставници од Пиринска Македонија, а на еден неуспешен – провален состанок во Скопје се собрале 70-80 делегати.[8] По масовните апсења во периодот 1949–1951 година, а особено кога во 1950 биле уапсени 47 членови на штипската група на ВМРО – ПРАВДА, дејноста на организацијата била прекината. Во тие масовни апсења најмногу настрадала младата македонска младина. Се смета дека во тие години биле уапсени 7 330 средношколци.[9]

Голем број групи од организацијата ВМРО – ПРАВДА во периодот од 1947 до 1972 година биле откриени, а нивните членови апсени, затворани и осудени и до 10–12 години затвор. Вакви поголеми групи биле апсени во Битола (12 члена), Струмица (6 члена), а во 1951 година биле убиени 5 студенти, познати како „Струмичка петорка“, во исценираното бегство преку границата за Грција; биле затворени 7 гимназијалци од Охрид, потоа, групите во Штип, Скопје, Велес, с. Слатино, Охридско, Кичево итн. Се смета дека само во затворот Идризово биле затворени 2 500 политички затвореници.[10]

Со појавата на првите организирани тајни организации и групи речиси во сите градови во Македонија, започнала силна полициска репресија над нивните членови, со апсења, затворања, судења па и стрелања без судски пресуди. Според официјалната документација на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија од 1993 година, во периодот 1945–1985 година, вкупно во републиката биле откриени 105 „*илегални терористичко-сепаратистички групи и организации*“, со преку 1 200 припадници, чие дејствување било насочено кон „*отцепување на Р. Македонија од заедницата на југословенските народи и создавање на самостојна и обединета Македонија*“. Од нив биле лишени од слобода 1 045 припадници на илегалните групи и организации, од кои 242 биле осудени на смрт или на временска казна до 15 години.[11]

---

[6] Истото, 12.

[7] Д-р Стојан Ристески, Судени за Македонија, Скопје, 1993, 74, 451.

[8] Илија Максимовски, Политичкиот..., цитираниот труд, 15.

[9] Истото, 30.

[10] Д-р Стојан Ристески Судени ..., цитираниот труд, 157-546.

[11] Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Информација за преземените мерки на органите на власта спрема државјани на Р. Македонија за кои во периодот 1945-1993 година се располагало со основани сомненија дека делувале за формирање на самостојна и обединета Македонија, Скопје, септември 1993 година. Ев. број: 160. Информацијата е изработена на барање на пратеничката група на партијата ВМРО-ДПМНЕ и на редакцијата на „Златна книга – 100 години ВМРО“ за

Според оваа Информација, во првите години по Втората свертска војна, во периодот 1945–1949 година, бројот на откриените тајни групи и организации, како и на уапсените и осудените лица бил најголем. Така, во 1946 година биле откриени 8 групи и организации, уапсени 62 лица, од кои 45 се осудени (во Скопје и Струмица по 2, а по 1 во Битола, Велес, Кичево и Штип). Во 1947 година биле откриени 19 групи и организации (од кои во Велес 7 и во Битола 5), уапсени 335 лица, од кои 104 се осудени. Во 1948 година биле откриени 16 групи и организации (од кои во Битола 7 и во Струмица 3), уапсени 252 лица, од кои 95 осудени. Во 1949 година биле откриени 7, во 1950 4 групи и организации итн. Во периодот 1958–1960 година биле откриени 15 групи и организации, а во периодот 1964–1972 година 10 групи и организации и уапсени 134 лица. Последната гурпа е регистрирана во 1985 година, кога биле уапсени и осудени 6 лица.[12]

Значајно е да се одбележи дека сите овие тајни политички опозициони групи и организации од тогашната македонска политичка и судска власт, како и од средствата за јавно информирање, биле нарекувани „*нейријателски груйи*“, „*терористички груйи*“,[13] „*банда на шйиуни, терористи и диверзанти*“, „*шйиунска агентура на разноразни реакционерни сили*“[14] итн. Што се однесува до нивните членови, сите тие биле осудувани како „*најголеми злосторници*“, дека „*нейријателски биле расйоложени*“ спрема државата, а за да можат полесно да ги компромитираат, во обвиненијата им ја прилепувале квалификацијата дека биле ванчомихајловисти, врховисти, бугараши итн.[15] Исто така, нивната политичка платформа за самостојна, независна и обединета Македонија државните органи ја толкувале како негација на македонскиот народ и нација, вперена за присоединување на Македонија кон Бугарија, односно дека нивната парола за создавање на една самостојна Македонија „*не значи ништо друго освен создавање на база врз која што тие имйеријалистичкии реакционерни кругови ќе можат да ја йоведат борбата йротив југословенските народи, да ја йоведат борбата йротив демократијата на Балканот и йротив демократијата во Евройа*“.[16] Оттаму, сите пресуди на осудените членови на тајните политички опозициони групи и организации биле определени како дела „*йротив народот и државата*“, а „*во името на народот*“.[17]

---

потребите во изготвувањето на книгата. Ова е прва Информација изработена досега од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија што е дадена на користење, пред сè, благодарејќи на разбирањето на тогашниот министер за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски. Оригиналниот текст на Информацијата се наоѓа кај авторот на прилогот.

[12] Истото.

[13] Д-р Стојан Ристески, Судени.., цитираниот труд, 9-14.

[14] В. „Нова Македонија“, Скопје, 29. III 1947, „Последниот ден од процесот против терористите од ВМРО – Во историјата на нашиот народ нема поголемо издајство од издајството кое што го вршеше и денес го врши Михајловската ВМРО“, 3-4.

[15] Истото; Д-р Стојан Ристески, Судени..., цитираниот труд, 9-14.

[16] В. „Нова Македонија“, цитираниот напис.

[17] Д-р Стојан Ристески, Судени..., цитираниот труд, 12.

Исто така, за одбележување е дека современите бугарски историчари и публицисти (Мичев, Гоцев и Црнушанов) ваквите високи национални и искрени патриотски пројави на тајните политички опозициони групи и организации, па и на нивните членови, ненаучно и крајно исполитизирано ги квалификуваат дека, всушност, тие биле насочени против „*новата српска окупација*“ во Македонија, против „*негирањето и прогонувањето на бугарската народност*“, дека членовите на овие македонски тајни организации се саможртвувале во „*името за зачувување на бугарската националност во Македонија*“, дека имале „бугарски дух“ и „*бугарска национална свест*“, дека „*Бугарите во Македонија се на челните места за суверена македонска држава*“ итн.[18]

Според презентираните податоци од Информацијата на Министерството за внатрешни работи, како и од досега објавените публицистики трудови за оваа проблематика во Република Македонија, може да се констатира дека тајните опозициони организации и групи во НР (СР) Македонија дејствувале континуирано 40 години, од 1945 до 1985 година, и тоа речиси на целата територија на Републиката. Борбата за самостојна Македонија продолжи и за време на распаѓањето на СФР Југославија и раздружувањето на Македонија од неа, не прекинувајќи го својот континуитет. И тогаш, во 1990 година, новосоздадената национална партија со истиот префикс ВМРО, преобразена во политичка партија со додавката ДПМНЕ (Демократска партија за македонско национално единство) беше единствената што отворено се залагаше за одделување од југословенската федерација, воскреснувајќи ја идејата за самостојна македонска држава, за заокружување на македонската државност и за меѓународно признавање на македонската држава.[19]

[18] Добрин Мичев, Македонският въпрос и българо-югославските отношения (9 септември 1944-1949), София, 1994; Димитър Г. Гоцев, Новата национално-освободителна борба във Вардарска Македония 1944-1991 г., София, 1998, 46-47; Коста Църнушанов, Принос към историята на македонската младежка тайна революционна организация, София, 1996, 533-534; Истиот, Македонизмът и съпротивата на Македония срещу него, София, 1992.

[19] Љупчо Георгиевски, ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство (1990-1993), следбеник на идеите на ВМРО, Златна книга– 100 години ВМРО..., цитираниот зборник, 249-255.